РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-4010/2

21-11-2023 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 95-та седница одржана на 15.11.2023 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапувањето по пријавата заведена под број 12-4010/1 од 22.08.2023 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување.

Предметната пријава да се достави на надлежно постапување на Министерството за внатрешни работи.

Предметот со број 12-4010/1 од 22.08.2023 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на непознат подносител, на ден 22.08.2023 година, поднесена е пријава со наводи против директорот на ____ „__-__ ______"од ____, по која оформен е предмет број 12-4010/1 од 22.08.2023 година. Наводите упатуваат на низа неправилности како што се злоупотреба на службена должност и овластувања при вршењето на работите и работните задачи од страна на директорот во наведеното училиште, но и меѓудругото се наведува дека _______ _____ директор на ____ „__-__ ______"од ____, се занимавал и со други нелегални работи кои според суштината на нивното значење имаат облик на кривично дело.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека за конкретните наводи други органи имаат поголеми надлежности за утврдување на фактичката состојба, поради што одлучи пријавата да се достави до Министерството за внатрешни работи на надлежно постапување.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: П.Б
Одобрил: Н.Б., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**